Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 - 1885/1
27.03.2014 година

Врз основа на член 383 став 2 и член 395 став 4 од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание** на Друштвото на својата седница одржана на **27.03.2014 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за именување на Претседавач на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2013 година**

1. За Претседавач на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2013 година, кое се одржува на ден 27.03.2014 година (Четврток), се именува **Г-га Татјана Димов**.

2. Претседавачот ги има правата и обврските согласно Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи и подзаконски акти, како и Статутот на Друштвото,.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Во членот 383 став 2 од Законот за трговските друштва е определено дека собранието избира претседавач со седницата. Во истиот закон, но во член 395 е определено дека со собранието на друштвото претседава претседавач, кои има права и обврски согласно одредбите од истиот член. Во ставот 4 од истиот член, е определено дека за претседавач на Собрание може да биде избран било кој акционер, или лице кое застапува акцинер.

Акционерот со квалификувано учество на Друштвото достави предлог до Друштвото, односно до Собранието на Друштвото, со Годишното собранието на Друштвото за деловната 2013 година закажано за 27.03.2014 година, да претседава Г-га Татјана Димов. Акционерот до Друштвото, односно до Собранието на Друштвото, достави и уредно нотарски заверено полномошно со кое Г-га Татјана Димов се ополномоштува да претседава со Собранието на Друштвото.

Со оглед на претходното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

**Татјана Димов**